**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за вршење надлежности од областа на инспекцијата**

Скопје, март 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 241/24), Советот на Град Скопје на ____________________седница, одржана на _______________ 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за вршење надлежности од областа на инспекцијата**

Член 1

Со оваа одлука Град Скопје ја прифаќа иницијативата на Општина Кисела Вода и воспоставува меѓуопштинска соработка заради ефикасно вршење на надлежностите на Општина Кисела Вода кои се однесуваат на спроведување на актите на градежната инспекција за отстранување на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Кисела Вода.

Член 2

Општина Кисела Вода во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со вршење на стручно-административните работи од областа на инспекцијата, во делот на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Кисела Вода.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со сопствени средства во отстранувањето на бесправно изградените објекти, а работите ќе бидат изведени од Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје.

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје.

Општина Кисела Вода по наплата на направените трошоци од сопствениците на отстранетите објекти, истите ќе ги уплатува на сметка на Буџетот на Град Скопје.

Член 3

Оваа Одлука за меѓуопштинска соработка се донесува за времетраење од 1 (една) година.

Член 4

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Кисела Вода, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, со кој поблиску ќе се уредат прашањата во врска со отстранувањето на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Кисела Вода, начинот на уплата на наплатените средства на сметка на Буџетот на Град Скопје, како и други прашања од интерес за спроведување на Одлуката.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________________

______ 2026 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Проф.др. Даме Димитровски

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), како и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините.

Општина Кисела Вода до Град Скопје достави Иницијатива за воспоставување на меѓуопштинска соработка, која се однесува на вршење на работите од областа на инспекциските работи, со цел поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на Општина Кисела Вода, во врска со реализација на актите на градежната инспекција за уривање на објекти кои не ги исполнуваат законските услови.

Град Скопје во остварување на оваа соработка ќе учествува преку Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје, на начин што директно ќе ги урива или отстранува бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Кисела Вода, согласно актите на градежната инспекција.

По уривањето, Општина Кисела Вода ќе врши наплата на направените трошоци од страна на сопствениците на урнатите или отстранети бесправни објекти, согласно закон, по што истите ќе ги уплатува на сметка на Буџетот на Град Скопје.

Оваа Одлука е од големо значење за остварување на напорите за обезбедување ред и спроведување на законите, со што ќе се подобри квалитетот за живот на граѓаните во градот Скопје.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за вршење надлежности од областа на инспекцијата.

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски